ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА
INTEGRATED BUSINESS FACULTY

Kosta Novakovik br. 8, 1000 Skopje, R. Macedonia; tel.389 2 2402160, 2402161; fax:389 2 2466043
fbe@fbe.edu.mk www.fbe.edu.mk

Почитувани,

Ве покануваме да земете учество во обуката на тема **„Подготовка на предлог проекти (Project proposal writing)" организирана од страна на Факултетот за бизнис економија – Скопје!**

__Што претходеше на обуката?__

**Факултетот за бизнис економија (ФБЕ) од Скопје и Центарот за развој на менаџери и претприемачи (CEED) Македонија**, со поддршка на **GIZ**, од април до јуни 2011-та година спроведоа **Студија за проценка на потребите за градење на капацитетите на релевантните тела вклучени во регионалниот развој во Македонија.** Во рамките на оваа студија, беа интервјуирани 54 лица вработени во клучни институции и тела одговорни за регионалниот развој во Македонија, односно сите 8 Центри за регионален развој, 19 канцеларии за локален економски развој (ЛЕР) од општините од сите региони во Македонија, 8 регионални организации за поддршка на бизнис секторот (стопански комори, бизнис инкубатори, бизнис асоцијации и сл.) и 4 институции на национално ниво, релевантни за водење на регионалниот развој во РМ (Министерство за локална самоуправа, Бирото за регионален развој, Секретаријатот за европски прашања и Кабинетот на Заменик Претседателот на Владата на РМ).

Како резултат на оваа студија, беа идентификувани низа потреби како што се: **потреба за јакнење на капацитетите за пишување предлог проекти,** капацитетите за обезбедување финансии за работење на организацијата, за регионален маркетинг и промоција, за мониторинг и евалуација, јакнење на „меките" вештини на вработените и ред други. Соодветно на тоа – беа дизајнирани активности кои ќе одговорат на нив, меѓу кои и **оваа обука за подготовка на предлог проекти.**

Исто така, во текот на месец мај беше спроведена дводневна обука за Пристап до финансии и финансирање на работењето (Fundraising) во Штип. На истата присуствуваа претставници на невладини организации, општини и др.

На почетокот на месец ноември 2012 година беше успешно спроведена првата обука (од вкупно две) на тема "Подготовка на предлог проекти (Project proposal writing)". Учесниците беа претставници на општини, центар за регионален развој и невладини организации.

**<u>За кого, каде и кога?</u>**

**Факултетот за бизнис економија (ФБЕ), со поддршка на GIZ, организира обука на тема „Подготовка на предлог проекти (Project proposal writing)“. Истата ќе се спроведе на 4-ти и 5-ти декември 2012 година во просториите на ФБЕ.** Се работи за интензивна обука со вкупно времетраење од 12 часа (6 часа дневно). Таа е наменета за претставници на Центрите за регионален развој, ЛЕР канцелариите, локални/регионални организации кои работат на поддршка на бизнис секторот, како и невладини организации кои работат на полето на регионален развој. **По тој повод, би сакале да Ве поканиме и Вие да земете учество во оваа особено корисна обука која ќе Ви помогне да обезбедите долготрајно и успешно работење на вашата организација!**

**<u>Што ќе се постигне?</u>**

Обуката ќе Ви помогне да се запознаете со начинот на подготовка на предлог проекти. Голем број на донаторски организации нудат средства за финансирање на проекти, но за искористување на тие средства се потребни добри и квалитетни предлог проекти. По завршување на обуката ќе ги подобрите Вашите знаења за:

- **Начин на следење на повици за проекти**
- **Подготовка за пишување на предлог проекти**
- **Анализа и дефинирање на проблеми, цели и заинтересирани страни**
- **Оправданост за реализација на проект**
- **Подготовка на проектни активности**
- **Подготовка на временска рамка**
- **Дефинирање на резултати и аутпути**
- **Подготовка на буџет**
- **Поднесување на апликација**
- **Евалуација на проекти**

**<u>Организатори и цена за учество:</u>**

**Обуката ќе биде спроведена од страна на ФБЕ, а со финансиска поддршка од GIZ** поради што цената за учество е симболична и **изнесува 800 денари по учесник (бруто износ)**. Во цената се вклучени два дена обука (по 6 часа на ден), материјали за обуката, кафе, вода и закуска.

**Бројот на учесници е ограничен!**

**<u>Информации и пријавување:</u>**

**Ве молиме Вашето учество да го пријавите по пат на имејл најдоцна до 26.11.2012.**

За повеќе информации обратете ни се на следните контакти:

Тодор Милчевски (ФБЕ): todor.milchevski@fbe.edu.mk, 02/2402 160, 02/2402 161 или

Билјана Аврамовска (ФБЕ): biljana.avramovska@fbe.edu.mk, 02/2402 160, 02/2402 161

Со почит,

Факултет за бизнис економија